РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES

Бр.-Nr. 04-3762/1
25-12-2025 20

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), државниот секретар донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник**

1. Во врска со јавниот оглас бр. 880/2025 за потреба од вработување на административен службеник во Министерството за одбрана, објавен на ден 28.07.2025 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха“, за работно место:

УПР 0101В01000 – **Советник за поддршка на проекти за аквизиција по FMF/FMS процеси во Одделение за управување со проекти за модернизација и вооружување во Сектор за логистика, модернизација и вооружување во Директорат за аквизиција,** (1) извршител се избира кандидатот **Христина Караџовска**, со идентификациски код BAFCE13.

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на објавениот Јавен оглас бр. 880/2025 за потреба од вработување на административен службеник во Министерството за одбрана, објавен на ден 28.07.2025 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха“, за работно место: УПР 0101В01000 – **Советник за поддршка на проекти за аквизиција по FMF/FMS процеси во Одделение за управување со проекти за модернизација и вооружување во Сектор за логистика, модернизација и вооружување во Директорат за аквизиција**, (1) извршител, формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас со решение бр. 10-1995/7 од 19.11.2025 година, која ја спроведе постапката за вработување со сочинет Записник од административна селекција за административен службеник бр. 10-1995/8 од 05.12.2025 година со Листа на уредни и неуредни кандидати, Листа на кандидати кои ја поминале административната селекција и Листа на кандидати за кои постапката на селекција завршила, Записник од спроведен испит за административен службеник бр. 10-1995/13 од 18.12.2025 година со Листа на кандидати кои го полагале испитот, Ранг листа на кандидати кои продолжуваат во третата фаза на селекција и Листа на кандидати кои не продолжуваат во третата фаза на селекција и Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-1995/14 од 19.12.2025 година со Листа на кандидати со кои е спроведено интервју и Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција.

Согласно член 44 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на

Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Комисијата за селекција за вработување до Министерството за одбрана со допис бр. 10-1995/15 од 19.12.2025 година достави Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување на кандидат со најголем број освоени бодови за наведеното работно место, при што именуваната е најдобро рангирана.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба преку Министерството за одбрана до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката. Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

Изработил: Елена Иванова
Контролирал: Ирена Станковска

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Елизабета Чуповска Ристова**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Скопје-Shkup

Доставено до:
- Државен секретар (копија бр.1)
- Именуваниот/а (копија бр. 2)
- Агенција за администрација (копија бр.3)
- ДУЧРОО/СЧР (копија бр. 4)
- Архива.